ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1679/1
02-06-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18- та седница одржана на ден 21.05.2025 година донесе

## *ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 08-2601/1 од 02.10.2024 година, за лицето ------------------, член на управен одбор на Универзитетот на ---------------------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување од причина што пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Од страна на непозна подносител, на ден 02.10.2024 година, поднесена е електронска пријава за проверка на имотната состојба против лицето ----------------, член на управен одбор на Универзитетот на ---------------------- по предмет број 08-2601/1 од 02.10.2024 година.

Имено во член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) дефинирани се лицата кои имаат обврска да поднесат изјава за имотна состојба и интереси.

Имајќи предвид дека лицето кое е предмет на пријавата не е службено лице согласно законот, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно .

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

**Изготвил:** м-р Б.С., советник
Контролирал: м-р Н.Т-М, р.о.
**Согласен:** К.З, р.с.
**Одобрил:** Ц.Р, член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk